# ОЦЕНКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА ДИГИТАЛНИТЕ ЈАВНИ УСЛУГИ СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ



Јануари 2023

Проектот е кофинансиран од Европската унија.

Спроведуван од Фондација Метаморфозис во партнерство со Конект

МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

КОНЕКТ

**Автор: Елена Стојановска**

Оваа публикација е подготвена во рамките на проектот „Техничка и интегрирана заштита на лични податоци – градење инклузивен дигитален екосистем“, поддржан од Европската Унија, а спроведуван од Фондацијата „Метаморфозис“ и Здружението „Конект“. Содржината од оваа публикација е единствена одговорност на Фондација „ Метаморфозис“ и авторот и на ниеден начин не ги одразува ставовите на Европската Унија.

# СОДРЖИНА

МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСОГЛАСЕНОСТА НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ ОД СТРАНА НА ВЛАДИНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

..........................................................................................................................................3

ОЦЕНКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА ДИГИТАЛНИТЕ ЈАВНИ УСЛУГИ СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

..........................................................................................................................................4

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ВО ОДНОС НА ПРОГРЕСОТ НАПРАВЕН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

..........................................................................................................................................7

# 1. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСОГЛАСЕНОСТА НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ ОД СТРАНА НА ВЛАДИНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Третото оценување на усогласеноста на обезбедените дигитални услуги од страна на владините институции со Законот за заштитата на личните податоци (во натамошниот текст: ЗЗЛП), за периодот август 2022 – јануари 2023 година, се врши како продолжение на извршените оценки од март и август 2022 година и Извештајот за оценување на усогласеноста на обезбедените услуги од страна на владините институции со ЗЗЛП.

Анализата и оценувањето се врши врз основа на претходната подготвена и користена методологија и дадените заклучоци и препораки од страна на авторите, а со цел следење на резултатите и промените направени од страна на владините институции.

Главната цел на истражувањето е да се процени напредокот на испораката на дигиталните услуги и нивната усогласеност со ЗЗЛП.

Единствената разлика во методолошкиот пристап на подготвување на оваа анализа се однесува на тоа што во неа прибирањето податоци се врши единствено преку онлајн набљудување, односно анализирање на веб-страниците и онлајн апликациите на кои се нудат дигиталните услуги врз основа на параметрите поставени со методологијата.

# 2. ОЦЕНКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА ДИГИТАЛНИТЕ ЈАВНИ УСЛУГИ СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

| Контролор | Дигитална услуга | Дефинирање на дигиталните услуги и нивната достапност | Транспарентност на обработката на личните податоци | Предвидени технички и организациски мерки за заштита на личните податоци | Вкупна оценка |
|---|---|---|---|---|---|
| **Министерство за внатрешни работи** | Закажување термин за лични документи (лична карта, патни исправи, возачка дозвола) | 1/5 | 2/8 | 1/6 | 4/19 |
| **Министерство за финансии** | Е-сервиси | 0/5 | 4/8 | 3/6 | 7/19 |
| | Е-обврски | 2/5 | 3/8 | 5/6 | 10/19 |
| | Е-циркулар | 3/5 | 0/8 | 4/6 | 7/19 |
| | Е-аукции | 3/5 | 0/8 | 3/6 | 6/19 |
| | ФАМА | 1/5 | 0/8 | 2/6 | 3/19 |
| | Електронски систем за пријавување обврски | 2/5 | 0/8 | 4/8 | 6/19 |
| | Е-пресуди | 2/5 | 0/8 | 2/6 | 4/19 |
| **Царинска управа** | Нов компјутеризиран транзит систем | 1/5 | 0/8 | 2/6 | 3/19 |
| | Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи | 3/5 | 5/8 | 4/6 | 12/19 |
| | EXIM | 2/5 | 0/8 | 3/6 | 5/19 |
| | Интегрирана тарифна околина | 1/5 | 0/8 | 2/6 | 3/19 |
| | Портал за електронска комуникација | 1/5 | 5/8 | 4/6 | 10/19 |
| | Систем за обработка на декларации и акцизни документи (АСИКУДА) | 4/5 | 5/8 | 4/6 | 13/19 |
| **Управа за јавни приходи** | Електронски услуги за даночни обврзници | 3/5 | 1/8 | 3/6 | 7/19 |
| | Електронска услуга за пријавување персонален данок | 2/5 | 1/8 | 3/6 | 6/19 |
| | Електронски аукции | 3/5 | 3/8 | 2/6 | 8/19 |
| | Поврат на ДДВ | 2/5 | 5/8 | 3/6 | 10/19 |
| **Управа за финансиско разузнавање** | Доставување извештаи до УФР | 2/5 | 3/8 | 4/6 | 9/19 |
| | Рестриктивна веб-платформа *нова услуга | 4/5 | 3/8 | 4/6 | 11/19 |
| | Пријави кривично дело | 3/5 | 7/8 | 2/6 | 12/19 |
| **Министерство за правда** | База на закони, подзаконски акти и други прописи | 1/5 | 0/8 | 1/6 | 2/19 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Управа за водење на матичните книги** | Е-портал за издавање изводи од матични книги | 4/5 | 4/8 | 4/6 | 12/19 |
| **Биро за судски вештачења** | Барање за услуга – вештачење, процена, стручна анализа | 2/5 | 0/8 | 1/6 | 3/19 |
| **Министерство за транспорт и врски** | е-дозволи: одобрение за градење, доградба и надградба; барање за измени во текот на изградбата; барање за промена на инвеститор, барање за издавање одобрение за употреба на градба; барање за издавање одобрение за реконструкција;<br>Барање за издавање одобрение за пренамена; барање за издавање одобрение за адаптација; барање за одобрение на подготвителни работи; барање за одобрување на идеен проект и барање за издавање решение за изведување градби за кои не е потребно одобрение за градење. | 3/5 | 0/8 | 4/6 | 7/19 |
| **Државен инспекторат за транспорт** | Претставка за работа на инспектор | 4/5 | 6/8 | 2/6 | 12/19 |
| **Државен инспекторат за градежништво и урбанизам** | Онлајн претставка | 3/5 | 7/8 | 4/6 | 14/19 |
| **Министерство за економија** | Е-концесии | 4/5 | 3/8 | 3/6 | 10/19 |
| | Е-аукции | 3/5 | 4/8 | 5/6 | 12/19 |
| | Информации за EXIM | 4/5 | 3/8 | 3/6 | 10/19 |
| **Државен пазарен инспекторат** | Пријава од граѓани | 4/5 | 7/8 | 3/6 | 14/19 |
| **Државен инспекторат за техничка инспекција** | Онлајн контакт-форма | 4/5 | 7/8 | 2/6 | 13/19 |
| **Државен инспекторат за земјоделство** | Е-услуги | 3/5 | 7/8 | 3/6 | 13/19 |
| | Фитосанитарни барања | 2/5 | 0/8 | 2/6 | 4/19 |
| | Барање за извоз на вино | 3/5 | 0/8 | 1/6 | 4/19 |
| | Барање за уверение за квалитет | Услугата не е достапна | Услугата не е достапна | Услугата не е достапна | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Барање за утврдување на услови | 3/5 | 0/8 | 1/6 | 4/19 |
| | EXIM | 2/5 | 7/8 | 2/6 | 11/19 |
| **Државен инспекторат за шумарство и ловство** | Претставка за работење на инспектор | 4/5 | 7/8 | 1/6 | 12/19 |
| **Министерство за информатичко општество и администрација** | Систем за управување со учењето | 2/5 | 7/8 | 3/6 | 8/19 |
| | www.uslugi.gov.mk | 3/5 | 3/8 | 5/6 | 11/19 |
| **Министерство за труд и социјална политика** | Мобилна апликација за пријавување насилство | 2/5 | 3/8 | 3/6 | 8/19 |
| **Државен инспекторат за труд** | Поднесување претставка од физичко или правно лице и анонимна претставка | 3/5 | 6/8 | 3/6 | 12/19 |
| **Министерство за образование и наука** | Информатички систем за нарачка и дистрибуција на бесплатни учебници | 2/5 | 2/8 | 3/6 | 7/19 |
| | ЕДУИНО Онлајн платформа за ран детски развој зад која стојат МОН, БРО и МТСП | 3/5 | 0/8 | 3/6 | 6/19 |
| **Фонд на пензиското и инвалидското осигурување** | www.piom.com.mk | 1/5 | 3/8 | 1/6 | 5/19 |
| **Фонд за здравствено осигурување** | https://fzo.org.mk/ pristap-web-portal- e-uslugi | 3/5 | 2/8 | 3/6 | 8/19 |
| **Министерство за здравство** | www.vakcinacija.mk | 1/5 | 4/8 | 5/6 | 10/19 |
| | MK Wallet | 2/5 | 4/8 | 3/6 | 9/19 |
| **Агенција за катастар на недвижности** | OSSP (katastar.gov. mk) | 4/5 | 5/8 | 4/6 | 13/19 |
| | I-кат мобилна апликација | 2/5 | 1/8 | 3/6 | 6/19 |
| **Министерство за животна средина и просторно планирање** | https://ewmis. moepp.gov.mk/ | 0/5 | 0/8 | 2/6 | 2/19 |

# 3. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ВО ОДНОС НА НАПРЕДОКОТ НАПРАВЕН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

Врз основа на добиените резултати и споредбата со претходниот извештај, може да се заклучи дека 5 институции, односно: Министерството за финансии, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Управата за финансиско разузнавање и Управата за водење матични книги имаат  напредок во процесот на усогласување на вкупно 7 дигитални јавни услуги. Останатите институции немаат преземено чекори за натамошно усогласување со ЗЗЛП  од претходниот извештај.

Министерството за финансии има напредок во делот на технички и организациски мерки за заштита на личните податоци со поставување безбедносни сертификати, уредување на начинот на користење на дел од услугите со креирање кориснички профили и поставување Политика за колачиња.

Царинската управа има напредок во делот на транспарентноста на обработката на личните податоци на порталот за електронски комуникации и за разлика од минатиот извештај, кога оценката за оваа услуга беше 9/19, сега е 10/19. Кај услугата Системот за обработка на декларации и акцизни документи, пак, има мал напредок во сите области, односно подобрени се транспарентноста и техничките и организациските мерки и оценката е зголемена за четири поени.

Управата за јавни приходи бележи значителен напредок во подобрувањето на транспарентноста на услугата МОЈ ДДВ, со тоа што има објавено информации за целта и правната основа на обработката на личните податоци, рокот на чување, информациите за споделувањето на податоците со трети страни и правата на корисниците така што оценката од 5/19 сега е 10/19. Сепак, Политиката за приватност не е достапна на локациите од каде што се симнува мобилната апликација, што значи дека корисниците мора да ги бараат сите информации на веб-страницата на Управата.

Управата за финансиско разузнавање има поставено нова услуга – рестриктивна веб-платформа која има вкупна оценка од 11/19. За оваа услуга, Управата треба да направи дополнителни усогласувања во делот на транспарентноста, кој има и најслаба оценка. Дополнително, Управата има напредок кај услугата за пријавување кривично дело, особено во делот на дефинирање на самата услуга, но и во техничките и организациските мерки за заштита на личните податоци, со што оценката е зголемена од 8/19 на 12/19.

Управата за водење на матичните книги има напредок во делот на дефинирање на користењето на услугата за електронско издавање изводи, со тоа што има објавено Упатство за користење, како и во делот на транспарентноста, со тоа што ги има дефинирано правните основи и целите на обработката на личните податоци. Вкупната оценка е зголемена за два бода, односно од 10/19 е зголемена на 12/19.

При прегледувањето на достапните електронски услуги се донесени следните заклучоци:

**ЗАКЛУЧОК:** Дел од Политиките за приватност не се поставени на локациите каде што е директно достапна услугата, што значи дека корисникот на услугата треба да ја истражува веб-страницата на институцијата за да дојде до информацијата.

**ПРЕПОРАКА:** Политиките за приватност треба да бидат лесно достапни и забележливи за да може корисникот да се информира пред да започне да ја користи услугата. Со ова ќе се обезбеди информирано користење, а онаму каде што е потребно, и информирана и јасна согласност од корисникот.

**ЗАКЛУЧОК:** Дел од институциите ги имаат направено достапни своите услуги на www.uslugi.gov.mk, но за тоа имаат објавено само линк кој води до почетната страница на оваа платформа, па корисникот не може јасно да увиди која услуга може да ја добие преку наведениот портал сè додека не се регистрира и не истражи самиот.

**ПРЕПОРАКА:** Поврзувањето со други портали за остварување услуги треба да биде јасно дефинирано и објаснето на самата веб страница на институцијата што ја нуди услугата. Дополнително, треба да се објасни и односот помеѓу двете институции во смисла на тоа дали споделуваат лични податоци и чија Политика на приватност треба корисникот да ја прочита за да се информира за обработката на своите лични податоци.

**ЗАКЛУЧОК:** Капацитетите на институциите не се доволни за да одговорат на предизвиците за усогласување со ЗЗЛП. Во голем дел од институциите, улогата на офицер за заштита на личните податоци сè уште ја вршат вработени кои се веќе ангажирани на повеќе работни задачи, сметајќи го истото како формалност што произлегува од законот. Ваквата поставеност на офицерот не дозволува негово/нејзино усовршување и професионално завршување на задачите кои произлегуваат од законот. Офицерот, во согласност со законот, треба да биде самостоен во извршувањето на своите задачи.

**ПРЕПОРАКА:** Законот предвидува дека офицерот може да врши и други задачи кај контролорот, што е речиси секогаш случај, но другите задачи не треба да го попречуваат да постапува во согласност со своите овластувања како офицер за заштита на личните податоци. При назначување на офицерот, институциите треба да ги имаат предвид и подготвеноста на офицерот за исполнување на дадените задачи, како и времето кое е потребно за соодветно завршување на работните задачи.

**ЗАКЛУЧОК:** Малиот напредок во делот на техничките и организациските мерки се должи на фактот што дел од институциите немаат соодветно подготвени кадри од ИТ-профили кои може да направат анализа на ризикот на обработката на личните податоци и да предвидат мерки за заштита.

**ПРЕПОРАКА:** Институциите треба да вложат напор и да ги поддржат вработените во ИТ-сектори да се дообучат за да може соодветно да одговорат на задачата за усогласување со ЗЗЛП.